FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

MULTIKULTURA

# КАКО СЕ СОЗДАВААТ (АКУМУЛИРААТ) И КАКО СЕ ТРОШАТ ПАРИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО

## Студија за јавните набавки во основните училишта во Општина Тетово во 2018 година



Тетово, Јануари 2021

КАКО СЕ СОЗДАВААТ И КАКО СЕ ТРОШАТ ПАРИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО

(фокус: Основни општински училишта во општина Тетово- 2018 година)

**Здружение Мултикултура- Тетово**

**www.multikultura.org.mk**

**За издавачот**

Здружение Мултикултура- Тетово

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Фондација Отворено општество - Македонија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружение Мултикултура од Тетово и во ниту еден случај не ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество - Македонија.

**СОДРЖИНА**

1. Вовед ........................................................................................................................ 4

2. Преглед на актуелните политики во регулативата и практиката за постапување со јавните набавки во основните училишта во Општина Тетово ............................. 9

2.1. Како се формира буџетот на училиштето.................................................. 11

2.2. Како се трошат парите на основните училишта ....................................... 13

3. Заклучоци ............................................................................................................. 31

4. Препораки ............................................................................................................. 33

5. Извори ................................................................................................................... 35

## 1.ВОВЕД

Задолжителното основно образование во општина Тетово се реализира во вкупно 12 јавни основни општински училишта во градот Тетово и околните села, кои локално  административно влегуваат во општина Тетово. Седум од нив се во градско подрачје и пет во рурално подрачје:

1. Основно општинско училиште „Лирија“ - Тетово, со настава на македонски јазик и на албански јазик.
2. Основно општинско училиште „Андреја Савески - С. Кикиш“ - Тетово, со настава на македонски јазик и на албански јазик, со ученици од прво до петто одделение кои со настава до деветто одделение продолжуваат во ООУ „Истикбал“ и ООУ „Лириа“ - Тетово.
3. Основно општинско училиште „Гоце Делчев“ - Тетово, со настава на македонски јазик и на албански јазик, со ученици од прво до петто одделение, кои со настава до деветто одделение продолжуваат во ООУ „Братство-Миѓени“ - Тетово.
4. Основно општинско училиште „Наим Фрашери“ - Тетово, со настава на албански јазик.
5. Основно општинско училиште „Истикбал“ - Тетово, со ПОУ во село Гајре и ПОУ во село Лисец. Во централното училиште наставата се реализира на албански јазик, на турски и на македонски јазик (од прво до петто одделение). Во ПОУ во село Гајре и село Лисец, наставата се реализира на албански наставен јазик.
6. Основно општинско училиште „Братство-Миѓени“ - Тетово, со ПУ во с. Сараќино. Во централното училиште наставата се реализира на албански јазик, на турски јазик (со ученици од прво до петто одделение, кои со настава до деветто одделение продолжуваат во ООУ „Истикбал“) и на македонски јазик. Во ПУ во с. Сараќино, наставата се реализира на македонски и албански јазик, со ученици од прво до петто одделение кои со настава до деветто одделение продолжуваат во централното училиште.
7. Основно општинско училиште „Кирил и Методиј“ - Тетово, со ПУ во с. Фалише. Наставата се реализира на албански јазик и на македонски јазик. Во с. Фалише настава се реализира на македонски јазик, со ученици од прво до петто

одделение кои со настава до деветто одделение продолжуваат во централното училиште.

8. Основно општинско училиште „Прпарими“ - с. Голема Речица, со настава на албански јазик.
9. Основно општинско училиште „Реџеп Вока“ - с. Шипковица, со ПОУ во с. Бродец, со настава на албански јазик.
10. Основно општинско училиште „Беса“ - с. Вешала, со ПОУ во с. Бозовце, со настава на албански јазик.
11. Основно општинско училиште „Рилиндја“ - с. Селце, со ПОУ во с. Вејце и ПУ во с. Лавце, со настава на албански јазик.
12. Основно општинско училиште „Ѓерѓ Кастриот - Скендербеу“ - с. Пороj, со ПОУ во с. Ѓермо, со настава на албански јазик.

Во сите основни општински училишта од општина Тетово, во календарската 2018 година, вкупно се опфатени **10.101** ученици, во 514 паралелки. Вкупниот број на вработени изнесува 894, од кои:

- наставници - 730;

- стручни соработници (педагог, психолог, социолог, дефектолог, библиотекар) - 33;

- директори - 12;

- секретари и друга администрација на училиште - 15;

- хигиенски и друг технички персонал (хигиеничари, хаусмајстори, ложачи) - 95.

## Табела 1. Училишта/паралелки/ученици по паралелки, во учебната 2018/2019 година

| Р. Бр. | Основно училиште | I одделение | | II одделение | | III одделение | | IV одделение | | V одделение | | VI одделение | | VII одделение | | VIII одделение | | IX одделение | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Ученици* | *Паралели* | *Наставници* |
| 1 | „Лириа“- Тетово (гр) | 138 | 5 | 121 | 5 | 128 | 5 | 121 | 5 | 117 | 5 | 133 | 5 | 120 | 5 | 136 | 5 | 117 | 5 | 1132* | 45* | 62 |
| 2 | „А.С.Кикиш“- Тетово (гр) | 31 | 3 | 33 | 3 | 33 | 3 | 37 | 3 | 31 | 3 | 26 | 2 | 29 | 2 | 29 | 2 | 22 | 2 | 271* | 23* | 35 |
| 3 | „Г.Делчев“- Тетово (гр) | 62 | 3 | 70 | 4 | 94 | 4 | 62 | 4 | 69 | 4 | 71 | 4 | 73 | 4 | 68 | 4 | 63 | 4 | 632 | 35 | 43 |
| 4 | „Н.Фрашри“-Тетово (гр) | 144 | 6 | 184 | 7 | 164 | 6 | 185 | 6 | 160 | 6 | 201 | 7 | 150 | 6 | 178 | 7 | 180 | 6 | 1546 | 57 | 82 |
| 5 | „Истикбал“-Тетово(гр)-Албанска Н. | 108 | 5 | 103 | 4 | 123 | 5 | 104 | 4 | 86 | 5 | 117 | 5 | 130 | 5 | 124 | 5 | 124 | 5 | 1019 | 43 | |
| | „Истикбал“-Тетово (гр)-Турска Н. | 18 | 1 | 24 | 1 | 22 | 1 | 22 | 1 | 20 | 1 | 25 | 1 | 23 | 1 | 25 | 1 | 21 | 1 | 200 | 9 | |
| | „Истикбал“-Тетово (гр)-Македонска Н. | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 4 | |
| | ПОУ с.Гајре (ру)-Албанска Н. | 8 | 1 | 6 | 1 | 15 | 1 | 9 | 1 | 2 | 1 | 5 | 1 | 7 | 1 | 11 | 1 | 5 | 1 | 68 | 9 | |
| | ПОУ с.Лисец (ру)-Албанска Н. | 2 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 10 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 | 7 | 1 | 5 | 1 | 2 | 1 | 37 | 9 | |
| | **Вкупно** | **137** | **9** | **136** | **7** | **164** | **9** | **146** | **8** | **113** | **9** | **149** | **8** | **167** | **8** | **165** | **8** | **152** | **8** | **1329** | **74** | **102** |
| 6 | „Братство-Миќени“-Тетово (гр)- Албанска Н. | 57 | 2 | 46 | 3 | 60 | 3 | 57 | 2 | 62 | 3 | 56 | 3 | 66 | 4 | 73 | 3 | 53 | 3 | 530 | 25 | |
| | Дреновец- Албанска Н. | 54 | 2 | 67 | 3 | 53 | 3 | 54 | 2 | 51 | 2 | 48 | 2 | 58 | 2 | 41 | 2 | 48 | 2 | 494 | 21 | |
| | ПУ.с.Сараќино – Албанска Н. | 6 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 | 5 | 1 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22 | 5 | |
| | ПУ.с.Сараќино-Македонска Н. | 11 | 1 | 10 | 1 | 14 | 1 | 13 | 1 | 6 | 1 | 10 | 1 | 14 | 1 | 9 | 1 | 14 | 1 | 101 | 9 | |
| | Спортски-Тетово-Македонска Н. | 81 | 3 | 56 | 2 | 66 | 2 | 59 | 2 | 55 | 2 | 66 | 3 | 62 | 3 | 67 | 3 | 68 | 3 | 580 | 23 | |
| | Настава на Турски јазик | 7 | 1 | 3 | 1 | 4 | 1 | 5 | 1 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22 | 5 | |
| | **Вкупно** | **216** | **10** | **183** | **11** | **201** | **11** | **193** | **9** | **183** | **10** | **180** | **9** | **200** | **10** | **190** | **9** | **183** | **9** | **1749** | **88** | **124** |
| 7 | „Кирил и Методиј“-Тетово (гр)- Албанска Н. | 116 | 4 | 79 | 3 | 88 | 3 | 92 | 3 | 92 | 3 | 83 | 3 | 100 | 3 | 82 | 3 | 80 | 3 | 812 | 28 | |
| | „Кирил и Методиј“-Тетово (гр)- Македонска Н. | 11 | 1 | 4 | 1 | 12 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 | 1 | 12 | 1 | 16 | 1 | 16 | 1 | 89 | 7 | |
| | ПУ.с.Фалише (ру)-Македоснка Н. | 14 | 1 | 15 | 1 | 18 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 47 | 3 | |
| | **Вкупно** | **141** | **6** | **98** | **5** | **118** | **5** | **92** | **3** | **92** | **3** | **101** | **4** | **112** | **4** | **98** | **4** | **96** | **4** | **948** | **38** | **55** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | „Прпарими“- с.Г.Речица (ру) | 77 | 4 | 80 | 4 | 80 | 4 | 69 | 4 | 61 | 4 | 83 | 4 | 61 | 4 | 71 | 4 | 88 | 3 | 670 | 35 | 51 |
| 9 | “Реџеп Вока“- с.Шипковица (ру) | 24 | 1 | 20 | 2 | 26 | 2 | 19 | 1 | 12 | 1 | 13 | 1 | 17 | 2 | 18 | 2 | 19 | 2 | 168 | 14 | |
| | ПОУ.с.Бродец (ру) | 14 | 1 | 18 | 1 | 17 | 1 | 10 | 1 | 10 | 1 | 12 | 1 | 14 | 1 | 10 | 1 | 12 | 1 | 117 | 9 | |
| | **Вкупно** | **38** | **2** | **38** | **3** | **43** | **3** | **29** | **2** | **22** | **2** | **25** | **2** | **31** | **3** | **28** | **3** | **31** | **3** | **285** | **23** | **36** |
| 10 | „Беса“- с.Вешала (ру) | 5 | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 26 | 9 | |
| | ПОУ.с.Бозовце (ру) | 3 | 1 | 4 | 1 | 9 | 1 | 4 | 1 | 4 | 1 | 5 | 1 | 4 | 1 | 6 | 1 | 3 | 1 | 42 | 9 | |
| | **Вкупно** | **8** | **2** | **6** | **2** | **13** | **2** | **7** | **2** | **7** | **2** | **8** | **2** | **6** | **2** | **8** | **2** | **5** | **2** | **68** | **18** | **24** |
| 11 | „Рилиндја“-с.Селце (ру) | 37 | 2 | 36 | 2 | 40 | 2 | 36 | 2 | 36 | 2 | 39 | 2 | 42 | 2 | 32 | 2 | 46 | 2 | 344 | 18 | |
| | ПОУ с.Вејце (ру) | 19 | 1 | 22 | 1 | 22 | 1 | 17 | 1 | 22 | 1 | 17 | 1 | 26 | 1 | 21 | 1 | 12 | 1 | 178 | 9 | |
| | ПУ с.Лавце (ру) | 4 | 1 | 3 | 0 | 5 | 1 | 6 | 0 | 8 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 26 | 3 | |
| | **Вкупно** | **60** | **4** | **61** | **3** | **67** | **4** | **59** | **3** | **66** | **4** | **56** | **3** | **68** | **3** | **53** | **3** | **58** | **3** | **548** | **30** | **48** |
| 12 | „Ѓ К.Скендербеу“- с.Пороj (ру) | 62 | 4 | 67 | 4 | 84 | 4 | 80 | 4 | 67 | 4 | 77 | 4 | 61 | 4 | 71 | 4 | 70 | 4 | 639 | 36 | |
| | ПОУ.с.Ѓермо (ру) | 8 | 1 | 16 | 1 | 12 | 1 | 8 | 1 | 10 | 1 | 11 | 1 | 7 | 1 | 7 | 1 | 4 | 1 | 83 | 9 | |
| | **Вкупно** | **70** | **5** | **83** | **5** | **96** | **5** | **88** | **5** | **77** | **5** | **88** | **5** | **68** | **5** | **78** | **5** | **74** | **1** | **722** | **45** | **68** |
| | **ВКУПНО: (1-12)** | **1122** | **55** | **1013** | **55** | **1121** | **57** | **1019** | **50** | **937** | **53** | **1038** | **51** | **1024** | **52** | **1031** | **52** | **981** | **47** | **10101** | **514** | **730** |

Табела 2. Училишта/паралелки со број на ученици од 1 ученик до паралелки со над 3 ученици, во учебната 2018/2019 година

| Р.Бр. | Основно училиште | Паралелки со 1-5 ученици | | | | | Паралелки со 6-10 ученици | | | | | Паралелки со 11-15 ученици | | | | | Паралелки со 16-20 ученици | | | | | Паралелки со 21-25 ученици | | | | | Паралелки со 26-30 ученици | Паралелки со над 30 ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 у. | 2у. | 3у. | 4у. | 5у. | 6у. | 7у. | 8у. | 9у. | 10у. | 11у. | 12у. | 13у. | 14у. | 15у. | 16у. | 17у. | 18у. | 19у. | 20у. | 21у. | 22у. | 23у. | 24у. | 25у. | | | |
| 1 | ,,Лириа,, - Тетово (гр) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 4 | 7 | 9 | 12 | 10 | 45 |
| 2 | ,,А.С. Кикиш" - Тетово (гр) | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 1 | 1 | 0 | 3 | 2 | 2 | 1 | 4 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23 |
| 3 | ,,Г.Делчев" - Тетово (гр) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 4 | 5 | 4 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 3 | 1 | 3 | 1 | 1 | 0 | 35 |
| 4 | ,,Н.Фрашери" - Тетово (гр) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 7 | 9 | 26 | 8 | 57 |
| 5 | ,,Истикбал" - Тетово | 3 | 5 | 3 | 0 | 3 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 4 | 2 | 3 | 7 | 6 | 6 | 8 | 10 | 2 | 75 |
| 6 | ,,Братство - Миѓени" - Тетово | 1 | 0 | 2 | 2 | 2 | 3 | 1 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 4 | 2 | 5 | 6 | 1 | 3 | 12 | 2 | 17 | 13 | 89 |
| 7 | ,,Кирил и Методиј" - Тетово | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 16 | 10 | 38 |
| 8 | ,,Прпарими"с. Г.Речица (ру) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 6 | 0 | 37 |
| 9 | ,,Реџеп Вока" с.Шипковица (ру) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4 | 4 | 2 | 3 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23 |
| 10 | ,,Беса,, с.Вешала | 1 | 4 | 6 | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 |
| 11 | ,,Рилиндја" - с.Селце | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 5 | 3 | 3 | 6 | 0 | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 30 |
| 12 | ,,Скендербеу" - с.Пороj | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 5 | 1 | 3 | 8 | 5 | 4 | 3 | 3 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 42 |
| **ВКУПНО** | | **5** | **10** | **12** | **9** | **9** | **8** | **7** | **6** | **8** | **14** | **8** | **9** | **5** | **19** | **12** | **22** | **18** | **23** | **24** | **15** | **20** | **18** | **26** | **39** | **35** | **88** | **43** | **512** |

## 2. ПРЕГЛЕД НА АКТУЕЛНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО РЕГУЛАТИВАТА И ПРАКТИКАТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО

Дејноста на основно образование во Република Северна Македонија е регулирана со Закон за основното образование. Законот за основното образование донесен во 2008 година, многу пати изменет и дополнуван, беше на сила сé до 05.08.2019 година, датум кога беше заменет со новиот односно сегашниот Закон за основното образование објавен во „Сл.весник на РСМ“, бр.161/2019 година.

За периодот опфатен во оваа студија, а тоа е 2018 година, финансирањето на основните училишта е уредено со одредбите од Законот за основно образование до 2008 год. (за учебната 2018/2019 година овој закон бил во сила), меѓу кои релевантни се следните членови:

Член 162

1) Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

2) Средствата од ставот (1) на овој член се распределуваат на општините по пат на блок дотации и наменски дотации согласно со Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

3) Општината средствата од ставот (2) на овој член ги распределува на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи.

4) Со уредбите од ставот (2) на овој член се уредува распределбата на средствата од блок дотацијата и од наменската дотација која се врши врз основа на формула и согласно со

фазите за фискалната децентрализација утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

5) Формулата од ставот (4) на овој член за распределба на средствата се изведува основно од бројот на учениците во основните училишта на своето подрачје. Врз изведувањето на формулата можат да имаат влијание и други дополнителни показатели.

Член 166

1) Министерството за средствата за финасирање на основното образование донесува финансиски план и програма и годишна пресметка.

2) Министерството утврдува мерила и критериуми за распоредување на средствата за државните основни училишта.

3) Советот на општината утврдува мерила и критериуми за распоредување на средства за општинските основни училишта.

4) Министерството го контролира наменското користење на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Одредбите од Законот за основното образование кој е на сила, за финансирање на основните училишта, во суштина не се разликуваат од претходно цитираните одредби, а кои се дел од стариот Закон за основно образование кој важел со до 2008год.

## 2.1. КАКО СЕ ФОРМИРА БУЏЕТОТ НА УЧИЛИШТЕТО

Според Законот за локална самоуправа, дејноста Основно и Средно образование преминува во надлежност на локалната самоуправа што значи дека општината станува Основач на основните и средните училишта и тие станувааат општински основни или средни училишта. Сепак, за одредени училишта основач останува државата, тоа се државните училишта.

Според Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15,209/18 и 244/19), финансиските средства за основното и средното образование се дел од буџетот на државата кој се трансферира на единиците на локалната самоуправа (општините) како блок дотации. За учениците со пречки во развојот, до општината се трансферираат наменски блок дотации, согласно вкупниот број на ученици со пречки во развојот на ниво на општина.

***Согласно горенаведеното, овој труд како мета на истражување ја има Блок дотацијата на основните училишта во општина Тетово, нејзината (распределба) создавање и нејзиното трошење.***

Владата на РСМ секоја година донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите за основното образование по општини на предлог на надлежното Министерството за образование. За 2018 година исто така е донесена Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2018 година („Сл.весник на РМ“ бр.133/2017 година).

Во својство на Основач на основните училишта, општината блок дотацијата за основното образование ја **прераспределува по училиштата**, согласно критериуми утврдени од страна на Советот на општината со што дотацијата во овој случај **претставува** Буџет на училиштето. Блок дотацијата добиена од буџетот на државата, освен за плати,

општината може да ја дополнува со средства од сопствени извори. Во оваа студија ќе се задржиме само на блок дотацијата добиена од буџетот на државата.

Главен критериум за формирање на блок дотацијата односно буџетот на училиштето, е **бројот на ученици во училишт ата**. Наменската блок дотација, наменета за учениците со пречки во развој се прераспределува наменски до сите училишта кои имаат ученици од оваа категорија, затоа и нема да биде предмет на истражување во оваа студија.

**Распределба по училишта, на блок дотацијата којашто општината кумулативно ја добива од буџетот на државата.**

Според податоците добиени од стручните служби на училиштата, произлегува дека блок дотацијата за основното образование за 2018 година, изнесува 411.216.566,00 денари или 37.099.443,00 евра (пресметано: 1 евро= 61.60 денари).

## 2.2. КАКО СЕ ТРОШАТ ПАРИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Табела 3. Буџет на  училишта за 2018:  Годишен буџет- Бруто плата (основна плата, придонеси за плата и персонален данок)+ Други потреби

| Р.Бр. | Основно училиште | Годишен буџет | | Плати и придонеси на плати | | Други потреби | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Денари | Евра | Денари | Евра | Денари | Евра |
| 1 | ,,Лирија“- Тетово | 35.185.728,00 | 571.107,00 | 30.645.155,00 | 497.486,20 | 4.540.573,00 | 73.710,60 |
| 2 | „А.С.Кикиш“ - Тетово | 21.241.402,00 | 344.828,00 | 18.632.441,00 | 302.475,00 | 2.608.961,00 | 42.354,00 |
| 3 | „Г.Делчев“ - Тетово | 24.919.273,00 | 404.534,00 | 21.567.806,00 | 350.127,00 | 31.806.940,00 | 54.407,00 |
| 4 | „Н.Фрашери“ - Тетово | 43.919.900,00 | 712.985,00 | 39.341.620,00 | 638.662,00 | 4.578.280,00 | 74.323,00 |
| 5 | „Истикбал“ - Тетово | 56.320.581,00 | 914925,00 | 48.703.257,00 | 790.637,30 | 7.617.324,00 | 123.657,90 |
| 6 | „Братство-Миѓени“ - Тетово | 66.549.684,00 | 1.080.352,00 | 57.893.240,00 | 939.825,00 | 8.656.444,00 | 140.527,00 |
| 7 | „Кирил и Методиј“ - Тетово | 32.140.330,00 | 521.759,00 | 26.721.306,00 | 433.787,00 | 5.419.024,00 | 87.971,00 |
| 8 | ООУ.„Прпарими“ - с.Г.Речица | 27.245.353,00 | 442.294,70 | 21.197.938,00 | 344.122,40 | 6.048.262,00 | 98.186,10 |
| 9 | ООУ.„Реџеп Вока“-с.Шипковица | 22.781.166,00 | 370.824,00 | 17.241.098,00 | 279.887,00 | 5.540.068,00 | 89.936,00 |
| 10 | ООУ.„Беса“ -с.Вешала | 16.709.638,00 | 271.260,35 | 13.015.766,00 | 211.294,10 | 3.693.872,00 | 59.965,45 |
| 11 | ООУ.„Рилиндја“-с.Селце | 27.140.130,00 | 440.003,00 | 22.425.091,00 | 364.044,00 | 4679039,00 | 79.958.00 |
| 12 | О.ОУ.„Ѓ.К.Скендербеу“ с.Џепчиште | 37.099.381,00 | 602.263,00 | 21.567.806,00 | 350.127,00 | 15.531.575,00 | 252.136,00 |
| | **Вкупно** | **411.216.566,00** | **6.675.593,00** | **339.052.494,00** | **5.504.099,00** | **72.164.072,00** | **1.171.494,69** |

Според Табела3., - ПРИКАЗ НА БУЏЕТОТ НА УЧИЛИШТАТА: ПЛАТИ И ДРУГИ ПОТРЕБИ, произлегува дека најголемиот дел од буџетот на училиштето (околу 80%), се троши за ПЛАТИ И ПРИ ДОНЕСИ, додека околу 20% остануваат за другите потреби на училиштето и на учениците. Значи од севкупниот буџет за едно училиште, во владение на самото училиште е само сумата од околу 20%, која останува да се потроши за сите потреби кои овозможуваат нормално функционирање на училиштето. Најголемиот дел пак, од оваа сума се троши за набавки на средства и други материјали (наставни средства, превоз, затоплување, одржување на хигиена, осигурување на имотот на училишта и др.).

Во книговодствената евиденција на училиштата јасно се прикажани стапките на потрошени средства за наведените потреби на училиштето. Во нив, значајно место заземаат реализираните јавни набавки за 2018 година, прикажани во Табела 4.

Табела 4. ЈАВНИ НАБАВКИ на училишта за 2018 година, според Електронскиот систем за јавни набавки

| Р.Бр. | Училиште | Број на оглас | Предмет на договорот | Вид | Вредност на склучен договор | | % од вкупната сума- останата за други потреби (освен платите) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Денари | Евра | |
| 1 | "Лириа"- Тетово Вкупна сума- останата за други потреби (освен платите): Ден.: 4.540.598,00 Евра: 73.711,00 | 1/18 | Училишен мебел | стоки | 193.282,00 | 3.177,00 | 4.31% |
| | | 2/18 | Одржување на училишната зграда | услуги | 306.000,00 | 4.968,00 | 6.73% |
| | | 3/2018 | Промена на ПВЦ прозори | стоки | 92.276,00 | 1.498,00 | 2.03% |
| | | 4/2018 | Канцелариски материјали | стоки | 41.772,00 | 679,00 | 0.92% |
| | | 5/2018 | Масло за греење | стоки | 1.024.429,00 | 16.630,00 | 22.56% |
| | **Вкупно** | | | | | | **36.55%** |
| 2 | "А.С.Кикиш"- Тетово Ден.: 2.609.000,00 Евра: 42.354,00 | 1/2018 | Масло за греење | стоки | 700.000,00 | 11.364,00 | 27.00% |
| | | 3/2018 | Превоз на ученици | услуги | 150.066,00 | 2.445,00 | 5.78% |
| | | 5/2018 | Одржување на училишната зграда | услуги | 300.000,00 | 4.870,00 | 11.50% |
| | **Вкупно** | | | | | | **44.28%** |
| 3 | "Гоце Делчев"- Тетово Вкупна сума останата за други потреби (освен платите): Ден.: 31.806.940,00 Евра: 54.407,00 | | | | | | Нема податоци во електронскиот систем за јавни набавки. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | “Наим Фрашри“- Тетово Вкупна сума-останата за други потреби (освен платите) Ден.: 4.578.280,00 Евра: 74.323,00 | 1/2018 | Масло за греење | стоки | 719.741,00 | 11.684,00 | 15.70% |
| | | 2/2018 | Канцелариски материјали | стоки | 149.796,00 | 2.432,00 | 3.30% |
| | | 4/2018 | Средство за одржување на хигиена | стоки | 25.778,00 | 418,00 | 0.56% |
| | | 9/2018 | Набавка на ИТ опрема | | 447.000,00 | 7.256,00 | 9.77% |
| | **Вкупно** | | | | | | **29.33%** |
| 5 | “Истикбал“- Тетово Вкупна сума-останата за други потреби (освен платите): Ден.: 7.617.324,00 Евра: 123.657,00 | 1/2018 | Огревно дрво | стоки | 559.320,00 | 9.080,00 | 7.34% |
| | | 2/2018 | Средство за одржување на хигиена | стоки | 23.917,00 | 388,00 | 0.31% |
| | | 3/2018 | Средство за одржување на хигиена | стоки | 40.120,00 | 651,00 | 0.52% |
| | | 3/18 | Ситен инвентар, мебел | стоки | 40.120,00 | 651,00 | 0.52% |
| | | 4/18 | Училишен мебел | стоки | 856.470,00 | 13.904,00 | 11.24% |
| | | 5/18 | Превоз на ученици | услуги | 1.413.945,00 | 22.954,00 | 18.56% |
| | | 6/18 | Масло за греење | стоки | 797.752,00 | 12.919,00 | 10.44% |
| | | 7/18 | Интерактивни табли | стоки | 164.843,00 | 2.676,00 | 2.16% |
| | **Вкупно** | | | | | | **51.09%** |
| 6 | “Братство Миѓени“- Тетово Вкупна сума-останати за други потреби (освен платите): Ден.: 8.656.444,00 Евра: 140.527,00 | 1/2018 | Превоз на ученици | услуги | 320.235,00 | 5.199,00 | 3.69% |
| | | 2/2018 | Масло за греење | стоки | 2.623.730,00 | 42.593,00 | 30.31% |
| | **Вкупно** | | | | | | **34.00%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | “Кирил и Методиј“- Тетово Вкупна сума-останата за други потреби (освен платите): Ден.: 5.419.024,00 Евра: 87.971,00 | 1/2018 | Клупи и столчиња | стоки | 157.600,00 | 2.558,00 | 2.90% |
| | | 2/2018 | Изградба на тениско игралиште | услуги | 135.921,00 | 2.207,00 | 2.50% |
| | | 3/2018 | Наставни помагала | стоки | 57.000,00 | 925,00 | 1.05% |
| | | 4/2018 | Средство за одржување на хигиена | стоки | 150.000,00 | 2.435,00 | 2.76% |
| | | 5/2018 | Канцелариски материјали | стоки | 381.696,00 | 515,00 | 0.58% |
| | | 7/2018 | Масло за греење | стоки | 1.229.319,00 | 19.956,00 | 22.68% |
| | | 8/2018 | Превоз на ученици | услуги | 223.000,00 | 3.620,00 | 0.41% |
| | **Вкупно** | | | | | | **32.88%** |
| 8 | ООУ “Прпарими“- с.Голема Речица Вкупна сума-останата за други потреби (освен платите): Ден.: 6.048.262,00 Евра: 98.186,00 | 1/2018 | Превоз на ученици | услуги | 237.880,00 | 3.862,00 | 3.93% |
| | | 3/2018 | Градежни материјали | стоки | 176.456,00 | 2.865,00 | 2.91% |
| | | 4/2018 | Средство за одржување на хигиена | стоки | 20.193,00 | 328,00 | 0.84% |
| | | 5/2018 | Канцелариски материјали | стоки | 99.754,00 | 1.619,00 | 1.64% |
| | | 7/2018 | Масло за греење | стоки | 775.319,00 | 12.586,00 | 12.81% |
| | **Вкупно** | | | | | | **22.13%** |
| 9 | ООУ “Рецеп Вока“- с.Шипковица Вкупна сума-останата за други потреби (освен платите): Ден.: 5.540.068,00 Евра: 89.936,00 | 1/2018 | Средство за одржување на хигиена | стоки | 49.973,00 | 811,00 | 8.16% |
| | | 2/2018 | Канцелариски материјали | стоки | 149.772,00 | 2.431,00 | 2.70% |
| | | 4/2018 | Софтверска опрема | стоки | 190.615,00 | 3.094,00 | 3.44% |
| | | 5/2018 | Лекарски прегледи за вработените | услуги | 40.191,00 | 652,00 | 72.00% |
| | | 8/2018 | Масло за греење | стоки | 779.744,00 | 12.658,00 | 14.07% |
| | | 9/2018 | Пелети за греење | стоки | 184.275,00 | 2.991,00 | 3.32% |
| | **Вкупно** | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | ООУ “Беса“- с.Вешала Вкупна сума- останата за други потреби (освен платите): Ден.: 3.693.872,00 Евра: 59.965,00 | 1/2018 | Средство за одржување на хигиена | стоки | 149.754,00 | 2.431,00 | 4.05% |
| | | 2/2018 | Канцелариски материјали | стоки | 149.742,00 | 2.431,00 | 4.05% |
| | | 4/2018 | ИТ Софтверска опрема | стоки | 145.148,00 | 2.356,00 | 3.92% |
| | | 5/2018 | Занаетчиски работи | работи | 154.285,00 | 2.505,00 | 4.17% |
| | | 8/2018 | Монтажа на парно | работи | 303.130,00 | 4.921,00 | 8.20% |
| | | 9/2018 | Реновирање на училници | работи | 241.015,00 | 3.913,00 | 6.52% |
| | **Вкупно** | | | | | | **30.91%** |
| 11 | ООУ “Рилиндја“- с.Селце Вкупна сума- останата за други потреби (освен платите): Ден.: 4.679.039,00 Евра: 79.958,00 | 1/2018 | Канцелариски материјали | стоки | 136.340,00 | 2.213,00 | 2.76% |
| | | 2/2018 | Одржување на простории | работи | 180.540,00 | 2.930,00 | 3.66% |
| | | 3/2018 | Средство за одржување на хигиена | стоки | 69.974,00 | 3.011,00 | 3.76% |
| | | 4/2018 | Ситен материјал | стоки | 60.000,00 | 974,00 | 1.21% |
| | | 5/2018 | ПВЦ прозори и монтажа | стоки | 225.970,00 | 3.668,00 | 4.58% |
| | | 6/2018 | Изградба на потпорни зидови | работи | 220.000,00 | 3.571,00 | 4.46% |
| | | 7/2018 | Монтажа на подна облога | работи | 225.970,00 | 3.668,00 | 4.61% |
| | **Вкупно** | | | | | | **25.04%** |
| 12 | ООУ “Ѓ.К.Скендербеу“- с.Цепчиште Вкупна сума- останата за други потреби (освен платите): Ден.: 15.531.575,00 Евра: 252.136,00 | 1/2018 | Огревно дрво | стоки | 150.332,00 | 2.440,00 | 0.96% |
| | | 2/2018 | Врати за училници | стоки | 228.495,00 | 6.150,00 | 2.43% |
| | | 3/2018 | Канцелариски материјали | стоки | 361.000,00 | 5.860,00 | 2.32% |
| | | 4/2018 | Училишен мебел | стоки | 450.000,00 | 7.305,00 | 2.89% |
| | | 5/2018 | ИТ опрема | стоки | 477.600,00 | 7.753,00 | 3.07% |
| | | 6/2018 | Масло за греење | стоки | 1.079.116,00 | 17.518,00 | 6.94% |
| | | 7/2018 | Интерактивни табли | стоки | 124.740,00 | 2.025,00 | 0.80% |
| | **Вкупно** | | | | | | **19.41%** |

Според приказите во Табела 4., произлегува дека, преку јавните набавки се реализираат само 44.61% од средствата кои на училиштата им остануваат за исполнување на основните потреби (освен платите). Со ваква констатација не може да се наметне мислење за недомаќинско трошење на средствата наменети за ученикот, бидејќи од прегледот врз завршните сметки кои секоја година училишните одбори ги усвојуваат, не укажуваат на некоја констатација за несоодветно трошење.

Што можат да направат во прв ред училиштата, а потоа и нивниот Основач, општина Тетово, за порационално трошење на денарот кој од буџетот на државата се дели по глава на ученик (per capita)?

Освен јавните набавки на училиштата кои се значајни показатели како се троши денарот наменет „по глава на ученик“, значајни податоци и показатели за можности на подобро, порационално трошење на денарот на ученикот, можат да се извлечат од анализата на бројот на учениците во општината, бројот на паралелките и бројот на ученици по паралелки каде срекаваме моменти на контрадикции.

Од податоците за училиштата од општина Тетово кои се користени во оваа студија, прикажани во Табела 5., произлегува дека:

(1) Вкупната дотација за основното образование, која ја има добиено училиштето за 2018 година: во вредност 411.216.566,00 денари или 6.675.593,00 евра, кога ќе се подели со вкупниот број на ученици (10.101 ученици), се добива 40.710,00 денари или 661,00 евра по глава на ученик. Оваа сума треба да се смета за годишно ко нто по ученик, на ниво на општина Тетово за 2018 година.

(2) Вкупната дотација за основното образование, која ја има добиено училиштето за 2018 година во вредност од 411.216.566,00 денари или 6.675.593,00 евра, кога ќе се подели со вкупниот број на паралелките (514 паралелки), се добива 800.032,00 денари или 12.988,00 евра по паралелка. Оваа сума треба да се смета за годишно конто по паралелка, на ниво на општина Тетово за 2018 година.

(3) Различен е исто така и износот по паралелки: ВО ЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА ЕДНА ПАРАЛЕЛКА СЕ ТРОШАТ ПОВЕЌЕ ПАРИ ОТКОЛКУ ВО ДРУГО УЧИЛИШТЕ.

Табела 5. Годишен буџет по училиште (буџет по глава на ученик, буџет по паралелка)

| Основно училиште | Годишен буџет | | Вкупен број на ученици | Буџет поделен по глава на ученик | | Вкупен број на паралелки | Буџет поделен по паралелка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Денари | Евра | | Денари | Евра | | Денари | Евра |
| „Лириа“ - Тетово | 35.185.728,00 | 571.197,00 | 1.132 | 31.083,00 | 505,00 | 45 | 78.1905,00 | 12.693,00 |
| „А.С.Кикиш“- Тетово | 21.241.402,00 | 344.828,00 | 271 | 78.382,00 | 1.272,00 | 23 | 923.539,00 | 14.992,00 |
| „Г.Делчев“ - Тетово | 24.919.273,00 | 404.534,00 | 633 | 39.367,00 | 639,00 | 35 | 711.979,00 | 11.558,00 |
| „Н.Фрашери“ - Тетово | 43.919.900,00 | 712.985,00 | 1.546 | 28.409,00 | 461,00 | 57 | 770.524,00 | 12.508,00 |
| „Истикбал“ - Тетово | 56.320.581,00 | 914925,00 | 1.329 | 42.378,00 | 688,00 | 74 | 761.088,00 | 12.355,00 |
| „Братство-Миѓени“ - Тетово | 66.549.684,00 | 1.080.352,00 | 1.949 | 34.146,00 | 554,00 | 88 | 756.246,00 | 12.277,00 |
| „Кирил и Методиј“ - Тетово | 32.140.330,00 | 521.759,00 | 948 | 33.903,00 | 550,00 | 38 | 845.798,00 | 13.730,00 |
| ООУ.„Прпарими“ - с.Г.Речица | 27.245.353,00 | 442.294,70 | 670 | 40.665,00 | 660,00 | 37 | 736.361,00 | 11.954,00 |
| ООУ.„Реџеп Вока“-с.Шипковица | 22.781.166,00 | 370.824,00 | 285 | 79.934,00 | 1.298,00 | 23 | 990.485,00 | 16.079,00 |
| ООУ.„Беса“ -с.Вешала | 16.709.638,00 | 271.260,35 | 68 | 245.730,00 | 3.989,00 | 18 | 928.313,00 | 15.070,00 |
| ООУ.„Рилиндја“-с.Селце | 27.104.130,00 | 440.003,00 | 548 | 49.460,00 | 803,00 | 30 | 1.232.000,00 | 14.667,00 |
| О.ОУ.„Ѓ.К.Скендербеу“ с.Џепчиште | 37.099.381,00 | 602.263,00 | 722 | 51.384,00 | 834,00 | 45 | 824.430,00 | 13.383,00 |
| Вкупно | 411.216.566,00 | 6.675.593,00 | 10101 | 40.710,00 | 661,00 | 514 | 800.000,00 | 12.988,00 |
| | | | Денари: 411.216.556,00 / 10101 = 40.710,00<br>Евра: 6.675.593,00 / 10101 = 661<br>Годишно косто за 1 ученик во рамки на Општина Тетово | | | Денари: 411.216.556,00 / 514 = 800.000,00<br>Евра: 6.675.593,00 / 514 = 12.988,00<br>Годишно косто за 1 паралелка во рамки на Општина Тетово | | |

**Износот од блок дотацијата по глава на ученик („per capita“) во различни училишта <u>е различен</u>. Со други зборови, квалитетот на образованието на еден ученик е различен, иако како основен критериум за оформување на блок дотацијата е <u>по глава на ученик.</u>**

Само за пример:

ООУ „Наим Фрашери“, Тетово- 461,00 евра по ученик;

ООУ „А.С.Кикиш“, Тетово-1.272,00 евра по ученик;

ООУ „Р.Вока“, с. Шипковица- 1.298,00 евра по ученик;

ООУ „Беса“, с. Вешала- 3.989,00 евра по ученик.

***Износот од блок дотацијата по паралелки во различни училишта <u>е различен</u>. Со други зборови, паралелките имаат различно годишно конто по училишта.***

Само за пример:

ООУ „Гоце Делчев“, Тетово- 11.558,00 евра по паралелка;

ООУ „Кирил и Методиј“, Тетово- 1.373,00 евра по паралелка;

ООУ „А.С.Кикиш“, Тетово- 14.992,00 евра по паралелка;

ООУ „Р.Вока“, с. Шипковица- 1.298,00 евра по паралелка;

ООУ „Беса“, с. Вешала- 15.070,00 евра по паралелка.

**<u>Значи, годишното конто на еден ученик и годишното конто на една паралелка, се разликуваат во различни училишта, иако основен критериум за оформување на буџетот е „per capita“ или по глава на ученик.</u>**

Секако дека формулата за формирање на буџетот има и други параметри (карактеристики на теренот на кој се наоѓа училиштето, густина на населението и др.), сепак, постои видлива разлика во формирањето на буџетот на училиштата која е на штета првично на ученикот, но и на другите учесници во основното образование во општината.

Разликите во буџетот на училиштата може да се објаснат со фактот дека училиштата од руралните и ридско-планинските предели имаат потешки услови за работа (патување до училиштето, планинска клима, поголеми трошоци за греење, за патување и др.), и тоа се објективни услови кои влијаат на буџетот на училиштето. Но, има ситуации кај училишта во градот или во околните подрачја на градот каде што, условите за работа на училиштата (оддалеченост од градот, иста клима, нула трошоци за патување и сл.) се еднакви, а сепак разликите во буџетот се евидентни.

Тука не може да постои објаснување со повикување на сметка на објективни услови за работата на училиштата.

Од тука произлегува прашањето:

***Дали и како може да се менуваат прикажаните состојби, во полза на ученикот кој цело време останува основен критериум за оформување на блок дотацијата наменета за основното образование во општина Тетово, за 2018 година*?**

На самиот почеток, треба да се расчисти дилемата: дали се можни промени, но овој пат во полза на ученикот? Одговорот е ДА, можни се, со рационализација на бројот на ученици по паралелки, рационализација на мрежата на основните училишта во општина Тетово и со ажурирање на реонизацијата на училиштата во градот, што подразбира и нејзино строго почитување од страна на училиштата во градот.

Од Табела 5., се гледа дека од вкупно 12 училишта во општина Тетово, 6 училишта се со пониско конто по ученик на ниво на општината, а 6 училишта се со повисоко конто по ученик на ниво на општината. Во однос на годишно конто по паралелка, под годишното конто на ниво на општината се 6 училишта и исто толку се со повисоко конто на ниво на општината.

**Ова покажува дека основната блок дотацијата од буџетот на РСМ, (добиена како вкупна сума за основното образование), <u>не е во можност да се распределува на училиштата по глава на ученик. Училиштата кои земаат помалку средства во однос на бројот на</u>**

**учениците кои ги имаат, не се во можност да влијаат за да ги добијат овие средства по според глава на ученик, не се во можност активно да учествуваат во распределувањето и добивањето на делот од „колачот“ кој всушност им припаѓа по глава на ученик. Училиштата кои земаат повеќе средства во однос на бројот на учениците кои ги имаат, не прават доволно внатрешни организациски обиди за нивна рационализација.**

Во училиштата кадешто има најмал број на ученици, *контото по ученик и по паралелка е највисоко.* Такви се:

ООУ „А.С.Кикиш“, Тетово со вкупно 271 ученици, каде годишното конто по ученик е 1.272,00 евра, а годишното конто по паралелка е 14.992,00 евра;

ООУ „Беса“, с. Вешала (ридско-планинско подрачје), со вкупно 68 ученици, со годишно конто од 3.989,00 евра по ученик и со годишно конто по паралелка од 15.070,00 евра.

ООУ „А.С.Кикиш“, Тетово се наоѓа нецели 900 метри подалеку од ООУ „Гоце Делчев“ Тетово, кое има 633 ученици со годишно конто од 639,00 евра по ученик и со годишно конто по паралелка од 11.558,00 евра!

ООУ „Беса“, с. Вешала пак, иако се наоѓа 20 км длабоко во ридското планинско подрачје, за ова училиште постои можност контото да се намали.

Со намалување на годишните конта по ученик и по паралелки,кај секое училиште каде има услови за намалување, се зголемува сумата на секое училиште која останува за потребите на училиштето (освен платите на вработени), а тоа е возможно со:

- Рационализирање (зголемување) на бројот на ученици по паралелки;
- Рационализирање (намалување) на бројот на паралелките во рамки на едно училиште;
- Рационализирање на мрежата на основните училишта во општина Тетово;
- Ажурирање на реонизацијата на основните училиштата во општина Тетово.

Според член 53 од Законот за основното образование: бројот на ученици во паралелката се движи од 20 до 30 ученици. Паралелка може да се формира и со помалку

од 20 ученици по добиена согласност од основачот. Вакви паралелки основачот може да формира по претходно позитивно мислење од ресорно министерство.

Во основното училиште може да се формира и комбинирана паралелка, по правило, од ученици од прво до трето одделение, од ученици од четврто и петто одделение или од ученици од шесто до деветто одделение, по добиена согласност од основачот.

Овие паралелки основачот ги формира по претходно позитивно мислење од ресорното министерството. Комбинираните паралелки може да имаат најмногу до 10 ученици по паралелка.

Согласно наведените законски одредби, тргнувајќи и од прикажаните податоци во *Табела 2.,* бројот на паралелките со помалку ученици, основачот на училиштата (општина Тетово) во соработка и согласност со МОН, можеле (и сеуште можат) да го намалат, односно да го рационализираат, со спојување на паралелки од исто одделение како и со комбинирање на паралелки од различни одделенија, по следниот редослед:

1. Ако за критериум се зема бројката 24 ученици во една паралелка, можности за спојување на паралелки од исто одделение, има во следните училишта:
   - ООУ „Лириа“, Тетово: III-1 (10 уч.) со III-2 (14 уч.) вкупно 24 ученици; VIII-1 (13 уч.) со VIII-2 (11 уч.) вкупно 24 ученици;
   - ООУ „А.С.Кикиш“, Тетово (настава на македонски јазик): II-1 (11 уч.) со II-2 (6 уч.) вкупно 17 ученици; III-1 (14 уч.) со III-2 (10 уч.) вкупно 24 ученици; IV-1 (10 уч.) со IV-2 (11 уч.) вкупно 21 ученици; VII-1 (14 уч.) со VII-2 (10 уч.) вкупно 24 ученици;
   - ООУ „Гоце Делчев“, Тетово (настава на македонски јазик): V-1 (14 уч.) со V-3 (9 уч.) вкупно 23 ученици;
   - ООУ „Прпарими“, с.Голема Речица (настава на албански јазик): VII-3 (14 уч.) со VII-4( 14 уч.) вкупно 24 ученици;
   - ООУ „Реџеп Вока“, с.Шипковица (настава на албански јазик): VII-1 (9 уч.) со VII-2 (8 уч.) вкупно 17 ученици, VIII-1 (10 уч.) со VIII-2 (9 уч.) вкупно 19 ученици, IX-1 (10 уч.) со IX-2 (9 уч.) вкупно 19 ученици;
   - ООУ „Ѓерѓ Кастриот-Скендербеу“, с.Џепчиште (настава на албански јазик), со ПОУ во с.Ѓермо: VI-5 (7 уч.) со VI-6 (4 уч.) вкупно 11 ученици.

2. Можности за комбинирана паралелка СО НАЈМНОГУ 10 УЧЕНИЦИ ВО ЕДНА КОМБИНИРАНА ПАРАЛЕЛКА од две и повеќе различни одделенија, има во следните училишта:

- <u>ООУ„Истикбал“, Тетово:</u>

- Во централното училиште (настава на македонски јазик), **наставата се изведува во 4 паралелки, со вкупно 5 ученици?!**

  **Сите ученици може да бидат опфатени во една комбинирана паралелка:**

  I-7 (1уч.) со III-6 (1 уч.) вкупно 2 ученици, IV-6 (1уч.) со V-6 (2 уч.) вкупно 3 ученици.
- Во ПОУ с.Лисец (настава на албански јазик), **наставата се изведува во 9 паралелки?!**

  **Можно е учениците од 6 паралелки да се опфатат во 3 комбинирани паралелки**:

  I-9 (2 уч.) со II-8 (3 уч.) и со III-9 (3 уч.) вкупно 8 ученици; VI-8(2 уч.) со VII-8 (7 уч.) вкупно 9 ученици; VIII-8 (5 уч.) со IX-8 (2 уч.) вкупно 7 ученици.
- Во ПОУ во с.Гајре(настава на албански јазик), **наставата се изведува во 9 паралелки ?!**

  **Можно е учениците од 4 паралелки да бидат опфатени во 3 комбинирани паралелки**:

  II-7 (6 уч.) со V-2 (2 уч.) со VI-7 (5 уч.) и IX-7со 5 (уч.) вкупно 10 ученици.

- <u>ООУ„Братство-Миѓени“, Тетово:</u>

- Во централно училиште (настава на турски јазик), **наставата се изведува во 5 паралелки?!**

  **Можно е учениците од 4 паралелки да бидат опфатени во 2 комбинирани паралелки**: II-4 (3 уч.) со III-4 (7 уч.) вкупо 7 ученици; IV-3 (5 уч.) со V4 (3 уч.) вкупно 8 ученици.

- Во ПОУ во с.Сараќино (настава на албански јазик), **наставата се изведува во 5 паралелки?!**

  **Можно е учениците од 4 паралелки да бидат опфатени во 2 комбинирани паралелки**: I-7 (6 уч.) со II-7 (1 уч.) вкупно 7 ученици; III-8 (4 уч.) со IV-8 (4 уч.) вкупно 8 ученици.

  - ООУ„Беса“, с.Вешала:

- Во централно училиште (настава на албански јазик), **наставата се изведува во 9 паралелки?!**

  **Можно е учениците од 8 паралелки да бидат опфатени во 3 комбинирани паралелки**:

  I (2 уч.) со II (2 уч.) и со III (3 уч.) вкупно 7 ученици; IV (4 уч.) со V (3 уч.) вкупно 7 ученици; VI (3 уч.) со VII (2 уч.) со VIII (1 уч.) и со IX (2 уч.) вкупно 8 ученици.
- Во ПОУ во с.Бозовце (настава на албански јазик), **наставата се изведува во 9 паралелки?!**

  **Можно е учениците од 8 паралелки да бидат опфатени во 4 комбинирани паралелки**: I (3 уч.) со II (4 уч.) вкупно 7 ученици; IV (4 уч.) со V (4 уч.) вкупно 8 ученици; VI (5 уч.) со VII (3 уч.) вкупно 8 ученици; VIII (6 уч.) со IX (3 уч.) вкупно 9 ученици.

Табела 6. Преглед на можна рационализација на бројот на паралелките и на добивката во полза на ученикот

| Р.Бр. | Основно училиште | Број на паралелки без рационализација | МОЖНА РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА БРОЈОТ НА ПАРАЛЕЛКИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Споени паралелки и од исти одделенија | | Комбинирани паралелки од различни одделенија | | Број на паралелки со рационализација | Број на намален паралелки по училишта | Добивка на буџетот училиштето со рационализацијата на паралелките-споредено со Табела бр. 3 (во евра) |
| | | | Постоечки одделенија со помалку од ученици | Создадени паралелки до 24 ученици | Постоечки и чисти паралелки | Создадени комбинирани паралелки | | | |
| 1 | „Лириа“ - Тетово (гр) | 45 | 4 | 2 | | | 43 | 2 | 25.386,00 |
| 2 | „А.С.Кикиш“ - Тетово | 23 | 8 | 4 | | | 19 | 4 | 59.968,00 |
| 3 | „Г.Делчев“ - Тетово(гр) | 35 | 2 | 1 | | | 34 | 1 | 11.558,00 |
| 4 | „Н.Фрашри“- Тетово | 57 | | | | | | | |
| 5 | „Истикбал“ - Тетово | 74 | | | 23 | 14 | 65 | 7 | 86.845,00 |
| 6 | „Братство-Миѓени“ - Тетово | 88 | | | 8 | 4 | 84 | 4 | 51.080,00 |
| 7 | „Кирил и Методиј“ - Тетово | 38 | | | | | | | |
| 8 | ООУ.„Прпарими“ - с.Г Речица | 39 | 2 | 1 | | | 38 | 1 | 11.341,00 |
| 9 | ООУ.„Реџеп Вока“ - с.Шипковица | 23 | 6 | 3 | | | 20 | 3 | 48.238,00 |
| 10 | ООУ.„Беса“ - с.Вешала | 18 | | | 18 | 7 | 11 | 7 | 105.490,00 |
| 11 | ООУ.„Рилиндја“ -с.Селце | 22 | | | | | | | |
| 12 | ООУ.„Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“ -с.Џепчиште | 45 | 2 | 1 | | | 44 | 1 | 13.334,00 |
| **ВКУПНО** | | 507 | 24 | 12 | 39 | 17 | 478 | 27 | 448.880,00 |

Објаснување на *Табела 6.,* бројките со црвено, ја прикажуваат добивката прикажана во евра за секое училиште, каде е можна рационализација на бројот на паралелките, во рамки на цитираните законски одредби. Финансирањето по глава на ученик останува исто, буџетот на училиштето останува ист но, се намалува годишното конто по ученик и по паралелка.Со намалување на паралелките, се намалува и сумата која од буџетот на училиштето се издвојува и оди директно во намена за личен доход. **Со погоре наведеното доколку се примени би се зголемиле средствата за потребите на училиштето, платите и другите трошоци за сума, за која би се намалилбројот на паралелките и на наставниците.**

**Рационализација на мрежата на основните училишта во општина Тетово** претставува друга можност на рационална распределба на блок дотацијата која општината кумулативно ја добива од буџетот на РСМ, а истата им ја распределува на училиштата во форма на буџет на училиште. Тука станува збор за можност постоечката мрежа на основните училишта да се реорганизира со спојување на училишта.

На пример, во градот Тетово, основните училишта „Гоце Делчев“ со вкупно 633 ученици и „А.С.Кикиш“ со вкупно 271 ученици, се наоѓаат на оддалеченост од неполни 900 метри асфалтен пат.

„Истикбал“, Тетово каде што во четири чисти паралелки (настава на македонски јазик), учат само 6 ученици, истите можат да учат во „А.С.Кикиш“, на вкупна оддалеченост од 900 метри асфалтен пат од „Истикбал“.

За паралелките од подрачното училиште во с. Бозовце (барем за предметната настава) да се најдат можности за транспорт за да се превезуваат во централното училиште во с.Вешала (далечина 2,2км. асфалтен пат).

Со ваква рационализација, ќе се намали бројот на паралелките, бројот на наставниците, трошоците за нормално функционирање на училиштето, **а се зголемува стандардот на ученикот**. Но, сепак постојат објективни и субјективни пречки за реализација на оваа реонизација:

- училиште кое е основано во минатото (во период на повеќе ученици и деца воопшто) мора да постои и кога бројот на децата е минимален , и покрај постоењето на друго училиште кое е на оддаленост од само 700 метри, а е со повеќе ученици;
- неспособноста на основачот да организира јавен превоз на учениците до и од наведените селски училишта;
- менталитетот на жителите на селата според кои, селото мора да има училиште и покрај тоа што нема деца, и друго.

**Ажурирање на постоечката реонозација на училиштата во град Тетово**

Според Законот за основно образование, основачот го утврдува реонот на основните училишта од кој се запишуваат учениците во училиштето. Реонизацијата на училиштата во град Тетово е застарена и со децении не е ажурирана во согласност со промената на бројот и структурата на населението. Потребно е истата да се реорганизира, имајќи ги предвид новите структурални промени на градот, проширувањето на градот како и брзата миграција на населението на релација село - градот.

Рационализацијата на бројот на паралелките по училишта секако има и можни реперкусии во смисол на намалување на бројот на вработени наставници во училиштата што најчесто се сфаќа како страв од тоа дека наставниците ќе останат без работа.

Од тука потекнува и инерт носта на основачот да се заложи за темелна рационализација на бројот на паралелките по училишта, и покрај тоа што постои можно решение- наставниците кои би останале како технолошки вишок, би биле трансферирани по други училишта на ниво на општината, бидејќи секоја учебна година има огласи за вработувања на работни места ослободени по основ на боледување, пензионирање па и по основ на нови вработувања поради зголемување на паралелки во некои училишта.

Доколку би се спровела правилна рационализација на бројот на паралелките и на бројот на наставниците, бенефитот би бил не само од финансиска гледна точка, туку, од тоа

можеби и најголем бенефит би имале токму учениците, во смисол на квалитетот на нивното образование и воспитание, кој би се подигнал на повисоко ниво.

За учениците би се создале услови да бидат дел од поголема група на соученици, со поголеми можности за социјализација (дружење, учење, натпреварување со постигнати резултати, самодокажување и др). Во поголема група на соученици, ученикот поуспешно би ги манифестирал чувствата на еднаквост, рамноправност што е спротивно на индивидуална изолираност која може да развие и димензии на дискриминација во однос на учениците од другите училишта во рамки на општината.

Од рационализацијата ќе произлезат и бенефити за наставниците, затоа што, наставниците би биле во подобра положба и можности за себереализација како педагози, вклучени во работа со поголем број ученици, со поголеми можности за докажување на своите постигнувања со учениците, со чувство на самодоверба и сопствена сигурност во работниот однос.

На инертноста на основачот за спроведување на рационализацијата на паралелките по училиштата секако дека влијаат објективните услови како што се конфигурацијата на теренот во кој се реализира основното образование, ридско-планинско подрачје и оддалеченост на селата една од друго но, постојат и други фактори кои ја кочат можната рационализација а кои (најблаго кажано) можат да се формулираат со еден израз: „За да има мир во куќа, да не се „чепка“ во мрежата на училиштата, и покрај тоа што и таму- во градот има оптимални можности за рационализација“. Ова се однесува како за рационализација на бројот на паралелките и наставниците, така и за рационализација на мрежата и реонизацијата на основните училишта.

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ

Од сето наведено во ова истражување, произлегува дека:

- Средствата за финансирање на основното образование во општина Тетово кои се добиваат од буџетот на РСМ, кумулативно како блок-дотација, оформена врз основа на критериуми на ниво на државата, треба секогаш да се доделуваат за целната намена, а тоа е ученикот, **по глава на ученик (per capita**).

- Потребно е критериумите за формирање на Блок-дотацијата за основното образование да се дополнуваат врз основа на подетални специфични услови во кои работат училиштата, и за нив да се додаваат посебни наменски средства, слично како за учениците со пречки во развојот и посебни образовни потреби(ПОП). **Бидејќи на ниво на државата, па и на општина Тетово, има училишта кои според условите во кои работат (ридско планинско подрачје, неурбанизирани населени места, мал број на население и ученици и др.) , претставуваат училишта кои имаат навистина, посебни функционални потреби ПФП и тие треба да се регистрираат на ниво на државата како посебна категорија на училишта.**

- Добиената блок-дотација за основното образование, општина Тетово ја прераспределува по училишта, како Буџет на училиште при што **не се почитува основниот критериум врз основа на кој од страна на државата се формира блок-дотацијата за основното образование на општина Тетово, а тоа е *по глава на ученик*.**

- Околу 80% од вкупниот буџет на училиштето, се троши за платите на наставниците и другите вработени во училиштето. Останатиот дел треба да ги исполни сите други потреби за непречена реализација на дејноста, **кои, поради недоброто менаџирање од страна на училиштата во соработка со основачот, честопати и не се доволни. Показател за оваа констатација е, и начинот на јавните набавки преку тендери и другите набавки, кои исто така можат да бидат порационални.**

- Основачот и училиштата се недоволно заинтересирани за рационализација на бројот на ученици по паралелки, бројот на паралелки по училишта, бројот на вработени

наставници по училишта, во спротивно доколку би биле заинтересирани, добивките по глава на ученик како финансиски, така и образовно-социјални, би биле поголеми.

Во ваквиот став, не може да ги исклучиме разните влијанија врз основачот, од објективниот фактор (далечината и ридско-планинскиот терен на некои училишта), сè уште доминантниот менталитет присутен во сите рурални средини во државата, дека во селото мора да има училиште и покрај тоа што има самœден ученик, разните политички влијанија со децении присутни во реалниот живот на општината, појава на територијата на целата држава и др.

## 4. ПРЕПОРАКИ

- Да се извршат измени во Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите. Критериумите за формирање на Блок дотацијата за основното образование да се дополнуваат согласно специфичните услови во кои работат училиштата, и за нив да се додаваат посебни наменски средства, слично како за учениците со посебни образовни потреби (ПОП). Бидејќи на ниво на државата, вклучително и на општина Тетово, има училишта кои според условите во кои работат (ридско планинско подрачје, неурбанизирани села, мал број на население и ученици и др.), претставуваат училишта со навистина посебни функционални потреби (ПФП), и истите треба да се евидентираат како посебна категорија на училишта, на ниво на државата.
- При прераспределбата на блок дотацијата, односно при формирање на буџетот на училиштата, основачот доследно да го почитува критериумот „по глава на ученик". Училиштата да имаат определен буџет во согласност со утврдената сума по глава на ученик на ниво на држава и бројот на учениците.
- Во трошењето на средствата (освен средствата за плати), останати за потребите на училиштата, јавните и други набавки, училиштата да изразуваат повисока совесност, рационалност и економичност.
- Основачот да изврши можна рационализација на училишната мрежа, да ја ажурира реонизацијата на училиштата и преку овластените просветни инспектори да го следи почитувањето на истата.
- Училиштата во соработка со основачот, да извршат рационализација на бројот на учениците по паралелки и на бројот на паралелки во училиштето, при тоа: буџетот на училиштето да остане ист, се намалува бројот на паралелки, бројот на вработени наставници, а со тоа ќе се зголемат сите средства (освен тие за плати)потребни за нормално функционирање.
- Доколку би се спровела правилна рационализација на бројот на паралелките и на бројот на наставниците, бенефитот би бил не само од финансиска гледна точка, туку,

од тоа можеби и најголем бенефит би имале токму, учениците во смисол на квалитетот на нивното образование и воспитание, кој би се подигнал на повисоко ниво. За учениците би се создале услови да бидат дел од поголема група на соученици, со поголеми можности за социјализација (дружење, учење, натпреварување со постигнати резултати, самодокажување и др). Во поголема група на соученици, ученикот поуспешно би ги манифестирал чувствата на еднаквост, рамноправност што е спротивно на индивидуална изолираност која може да развие и димензии на дискриминација во однос на учениците од другите училишта во рамки на општината.

- За наставниците кои би останале технолошки вишок поради горенаведената рационализација, основачот има законска обврска да води сметка за истите да не останат без работа, и тие би биле трансферирани по други училишта на ниво на општината, бидејќи секоја учебна година има огласи за вработувања на работни места ослободени по основ на боледување, пензионирање, па и по основ на нови вработувања поради зголемување на паралелки во некои училишта.
- Со цел сензибилизација на потребата за рационализација на бројот на паралелките, бројот на наставниците, рационализација на мрежата на основните училишта и реформирање на нивната реонизација и придобивките од тоа, основачот треба да работи со населението - родителите на учениците (по селата и населбите во градот), од што ќе произлезе нивната согласност и поддршка.
- Предложената рационализација на бројот на паралелките, бројот на наставниците, рационализација на мрежата на основните училишта и реформирање на нивната реонизација и придобивките од тоа, не го подразбира и откажувањето од правото секое дете да учи во своето место на живеење. Но сепак, останува отворено прашањето за науката: дали треба да имаме осамен ученик со еден наставник, во едно планинско село или, ќе најдеме друго решение кое ќе биде од поголема корист за напредокот на тој ученик?

## 5. ИЗВОРИ

- Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија"бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14,135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и Закон за основното образование(„Сл.весник на РСМ" бр.161/2019г.).

- Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15,209/18 и 244/19).

- Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

- Уредба за Методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2018 год. („Сл.весник на РМ" бр.133/2017г.).

- Материјали од електронски систем за јавни набавки на основните училишта во општина Тетово, за 2018 год.

- Податоци од завршните сметки на основните училишта на општина Тетово за 2018год.

- Годишни програми за работата на основните училишта во општина Тетово.

- Податоци од веб страниците на основните училишта во општина Тетово.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

MULTIKULTURA